Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Бр./Nr. 01-4678/1
Датум: 30.06.2021 год./viti.
Скопје - Shkup

2021 година

# План за спречување на корупцијата

Министерство за транспорт и врски

Изработиле: Драган Симоновски
Џемаљедин Нухија
*Одделение за стратешко планирање и креирање политики*

Одобрил: Благој Бочварски
*Министер за транспорт и врски*

# Содржина:

Вовед:.........................................................................................................................1

Основа..........................................................................................................................2

Легислативна основа...........................................................................................2

Перцепција на ризикот од појава на корупција.................................................2

Мисија и визија......................................................................................................4

Општи цели и стратешки приоритети.................................................................4

Структура на Министерството за транспорт и врски........................................6

Сектори во рамките на Министерството за транспорт и врски.....................6

Независни одделенија во рамките на Министерството за транспорт и врски...........7

Органи во рамките на Министерството за транспорт и врски.......................7

Проценка на ризици....................................................................................................8

Методологија.........................................................................................8

Работна група.........................................................................................10

Анкета во однос на услугите кои ги овозможува Министерството.........................11

Анкета во однос на процесите во Министерството.............................................15

Аналлиза и проценка.................................................................................................19

Услуги.........................................................................................................19

Процеси......................................................................................................22

Мерки и активности...................................................................................................31

Мониторинг и евалуација...........................................................................................34

## Вовед

Креирањето на План за спречување на корупцијата е од големо значење во делот на справување со оваа штетна појава која го попречува остварувањето на законските права на граѓаните и бизнис-секторот. Корупцијата може да има многу форми и затоа правилното детектирање на ризиците од нејзиното појавување и нивно соодветно адресирање е од особена важност.

Министерството за транспорт и врски континуирано, преку конкретни мерки ги реализира своите силни заложби за спречување на корупцијата во својот ресор, пред сé преку дигитализација и олеснување на постапките, како и зголемување на транспарентоста на своето работење преку објавување на сите значајни акти, со што истите се достапни на јавноста. Во рамките на овие заложби е и изготвувањето на овој план во кој попрецизно се утврдуваат ризиците од појава на корупција во процесите и услугите кои ги води Министерството за транспорт и врски, се врши нивна анализа и се даваат препораки и мерки за нивно спречување.

## 1. Основа

### 1.1 Легислативна основа

Како појдовна точка во создавањето на Планот за спречување на корупцијата на Министерството за транспорт и врски беа земени Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Законот за укажувачи, Планот за борба против корупција „Акција 21“, Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, како и Проценката на ризиците од корупција за потребите на стратешкото планирање на борбата против корупцијата и судирот на интереси во Република Северна Македонија.

### 1.2. Перцепција на ризикот од појава на корупција

Според проценката на ризиците од корупција која ја изврши Државната комисија за спречување на корупцијата, општата оценка за ризикот е дадена како „многу силен“ во делот на вработувања во јавниот сектор; издавањето на одобренија, решенија, лиценци и дозволи; како и во доделувањето на грантови, субвенции и државна помош, додека како „исклучително силни“ се општо оценети ризиците во областа на јавните набавки и инспекцискиот надзор. Поделено по сектори, односно ресори, ризикот од корупција во делот на транспортот, урбанизмот и просторното планирање е општо оценет како „многу силен“.

Во споменатиот извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата за проценка на ризиците од корупција, Министерството за транспорт и врски се наведува

како една од клучните институции во областа на транспортот, урбанизмот и просторното планирање и меѓу останатото е наведено: „Ризиците од корупција во секторот/ресорот транспорт, урбанизам и просторно планирање главно се поврзуваат со инфраструктурните проекти во овој сектор/ресор кои вклучуваат трошење на јавни пари. Преземањето и реализацијата на инфраструктурните проекти се поврзани со различни одобренија, решенија, дозволи, лиценци и други документи чие издавање е во надлежност на гореспоменатите институции. Имено, законската регулатива за вршење на градежни и други работи во областа на транспорт, урбанизмот и просторното планирање пропишува многу одобренија, решенија, дозволи, лиценци и други документи. Значењето на овие документи е уште поголемо кога ќе се земе во предвид дека инфраструктурните проекти чие одобрение е во надлежност на овој сектор/ресор вообичаено чинат многу, што лесно создава околина за примена на притисоци и поттикнување на коруптивно однесување. Од таа причина, издавањето на различни документи се смета како точка која може да генерира ризик од корупција во овој сектор/ресор.

Покрај тоа, во секторот/ресорот транспорт, урбанизам и просторно планирање како ризици од корупција се идентификуваат и јавните набавки, инспекцискиот надзор и вработувањата во Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање и другите непосредно поврзани институции на централно и локално ниво. Во овој сектор/ресор, посебно се важни јавните набавки и инспекцискиот надзор кои се непосредно поврзани со реализацијата на инфраструктурните проекти.“

Со цел соодветно адресирање на сите овие идентификувани ризици, Министерството за транспорт и врски примени собирање на податоците за секоја услуга, односно процес поединечно и изготви анализа, односно оценување на ризиците од појава на корупција за што ќе стане збор во делот од овој план под реден број 2, кој се однесува на проценка на ризиците од корупција.

### 1.3. Мисија и визија

1.3.1 Мисијата на Министерството за транспорт и врски е да обезбеди услови за ефикасно функционирање на секторите за транспорт, градежништво, урбанизам и комуникации во Република Северна Македонија.

За да ја реализира својата мисија, Министерството за транспорт и врски континуирано предложува ефикасни законски платформи, работи во координација со останатите институции и овозможува модернизација на процесите кои се во негова надлежност со што се овозможува поголема пристапност на граѓаните. Дополнително на ова, се реализираат и голем број активности и проекти кои се насочени кон зголемување на економскиот раст на земјата преку инвестирање во подобрена инфраструктура.

1.3.2 Визијата на Министерството за транспорт и врски е: „Република Северна Македонија со современа и развиена инфраструктура во секој сегмент на патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, како и во делот на станбено-комуналните работи."

### 1.4. Општи цели и стратешки приоритети

1.4.1. Стратешки приоритети на Министерството за транспорт и врски во периодот 2020-2022 година се:

- зголемување на економскиот раст преку градење, подобрување, управување и одржување на транспортните служби, инфраструктура и мрежи за добивање на оптимална ефикасност;

- подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општинитите преку подобрување на комуналната инфраструктура;

- воспоставување на интегриранаta и интерконектирана транспортна мрежа, која воспоставува ефективни услуги за корисниците;

- промовирање на заштита на животната средина со градење и инвестирање во јавниот транспорт и другите видови ефикасен и постојан транспорт, кој ја намалува емисијата и потрошувачката на ресурси и енергија;

- подобрување на инфраструктурата во сите сегменти – станбено комунална, патна, железничка и во внатрешната пловидба.

1.4.2 За остварување на стратешките приоритети се утврдуваат следните приоритетни цели:

- изградба на нови патни делници и рехабилитација на дел од постојните,

- доизградба на патните и железничките делови од коридорите 8 и 10,

- создавање на услови за воспоставување и натамошен развој на потребните институции кои ќе обезбедат ефикасен транспорт на патници и стока; проценка, обезбедување и одржување на неопходната транспортна инфраструктура и обезбедување транспортни услуги со висок квалитет и високо ниво на безбедност,

- подобрување на водоснабдувањето и третманот на урбаните отпадни води и изградба/реконструкција на водоснабдителни и канализациони системи со третман на урбаните води, со што особено ке се подобри квалитетот на живеење и заштита на

животната средина. Во реализацијата на овие проекти свое учество земаат и Единиците на локалната управа,

- реализација на проекти за обезбедување на здрава вода за пиење, обезбедување техничка вода за индустријата, превентивни мерки за одбрана од поплави и антиерозивни дејствија.

## 1.5. Структура на Министерството за транспорт и врски

### 1.5.1. Сектори во рамките на Министерството за транспорт и врски

Во Министерството за транспорт и врски функционираат следните сектори:

- Сектор за стручна поддршка на министерот и односи со јавност;
- Сектор за финансиски прашања;
- Сектор за управно-надзорни работи;
- Сектор за патен сообраќај и инфраструктура;
- Сектор за железници;
- Сектор за општи работи;
- Сектор за уредување на просторот;
- Сектор за документирање и управување со градежно земјиште;
- Сектор за нормативни и правни работи
- Сектор за станбено-комунални работи и инфраструктура;
- Сектор за воздухопловство;
- Сектор за европска унија;
- Сектор за прекршоци.

### 1.5.2. Независни одделенија во рамките на Министерството за транспорт и врски

Во Министерството за транспорт и врски функционираат следните независни одделенија:

- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Одделение за внатрешна ревизија;
- Одделение за стратешко планирање и креирање политики.

### 1.5.3 Органи во рамките на Министерството за транспорт и врски

Во рамките на Министерството за транспорт и врски функционираат следните државни органи:

- Капетанијата на пристаништата;
- Управа за сигурност во железничкиот систем.

## 2. Проценка на ризици

### 2.1. Методологија

Вршењето проценка на ризиците од корупција во процесите и услугите кои се под надлежност на Министерството за транспорт и врски се спроведе во согласност со Методологијата за проценка на ризиците од корупција за потребите на стратешкото планирање на борбата против корупцијата и судирот на интереси во Република Северна Македонија, како и во согласност со Стратегијата за управување со ризици на Министерството за транспорт и врски, а како помошна алатка беше користена и Методологијата за оценка на индекс на институциите.

Според Методологијата за проценка на ризиците од корупција за потребите на стратешкото планирање на борбата против корупцијата и судирот на интереси во Република Северна Македонија , појавата на корупција може да се идентификува во повеќе облици, меѓу кои и:

- „Злоупотреба на службена должност,
- Поткуп,
- Тргување со влијание,
- Користење на службени добра за лични потреби,
- Судир на интереси,
- Изнуда,
- Непотизам,
- Кронизам.“

Исто така, според оваа методологија: „при проценката на ризиците од корупција се користат термините “ризик” и “фактор на ризик”. Овие поими честопати се

поистоветуваат, меѓутоа ризикот треба да се разбере како поширока категорија зашто може да биде производ од повеќе фактори на ризик.

ISO стандардот 31000:2009 за управување со ризикот ја дава следната дефиниција: „ризикот претставува ефект од неизвесноста врз целите". Претходната дефиниција од овој стандард гласеше: "ризикот е можност да се случи нешто што ќе има влијание врз целите." 5

Под фактор на ризик од корупција се подразбира сè што може да биде „прозор" за/кон корупција, односно сè што може да поттикне вршење и/или толерирање на корупција.

Во литературата најчестата поделба на факторите на ризици од корупција ги опфаќа следните четири групи:

- Системски или надворешни фактори на ризици од корупција. Тоа се фактори кои ја отсликуваат постојната состојба во однос на правната регулатива во дадена област/сектор, владеењето на правото, функционирањето на институциите, нивната меѓусебна координација, општествената клима, културата на однесување во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, итн.

- Институционални/организациски фактори на ризици од корупција. Тоа се фактори на ризици од корупција кои произлегуваат од институционалната поставеност на јавниот систем во насока на оценување дали е тој соодветен за извршување на функциите во определена област/сектор, односно дали постојат сите потребни институции, дали се надлежностите јасно дефинирани, каква е нивната меѓусебна координација, дали имаат соодветни услови за работа, итн. При ова ниво на проценка битно е да се практикува макро гледиштето (на ниво на општество (систем) или сектор, односно фокусот не треба да биде на внатрешните предизвици на конкретна институција.

- Индивидуални фактори на ризици од корупција. Тоа се фактори кои може да влијаат на поединците да пристапат кон коруптивно или неетичко однесување.

- Фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес во дадена хоризонтална област или сектор. Тоа се фактори кои можат да се идентификуваат како можна појава кај сите институции кои се вклучени или каде се врши определен процес

(пр. област јавни набавки) во смисла на детектирање на заедничките предизвици кои произлегуваат од законските решенија или праксата на работа. Овде е повторно битно е да се нагласи дека при проценката се практикува макро гледиштето (на ниво на систем), односно фокусот не треба да биде на внатрешните предизвици на конкретна институција. Кај проценката на факторите на ризици од корупција на ниво на сектор, потребно е да се идентификуваат факторите (од макро перспектива) кои се поврзани со вршење на сите надлежности во секторот (не само во една област – пр. јавни набавки) со цел да се добие слика за слабостите во функционирање на секторот кои можат да поттикнат корупција."

Проценката на ризици од корупција, за потребите на овој план се вршеше со комбинација на постојни релевантни извештаи и собирање на примарни информации и преку самопроценка, со користење на сопствените ресурси, односно преку формирање на работна група, согласно препораките во поглавјето 4 од Методологијата за проценка на ризиците од корупција за потребите на стратешкото планирање на борбата против корупцијата и судирот на интереси во Република Северна Македонија, со цел идентификување, анализа и оценка на ризиците од корупција.

## 2.2. Работна група

Согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, во Министерството за транспорт и врски се формираше работна група за вршење на проценка на ризиците од корупција во процесите и услугите кои се под надлежност на Министерството за транспорт и врски, во состав:

- Џемаљедин Нухија, Одделение за стратешко планирање (координатор);
- Александра Ивановска, Сектор за финансиски прашања (член);

- Ивана Велковска, Сектор за управување и документирање со градежно земјиште (член);
- Благоја Ѓорѓиевски, Сектор за станбено-комунални прашања (член);
- Мерита Реџепи, Сектор за нормативно-правни работи (член);
- Тони Темков, Сектор за општи работи (член);
- Љупка Петровска-Трифуновска, Сектар за патен сообраќај и инфраструктура (член);
- Стојан Мојсовски, Капетанија на пристаништата (член);
- Билјана Мојсовска-Милевска, Одделение за управување со човечки ресурси (член).

Работната група имаше за задача да изврши мапирање и анализа на процесите, односно услугите кои се под надлежност на Министерството за транспорт и врски, да ги идентификува ризиците од корупција, да изврши оценка на ризиците од корупција и за секој ризик поединечно да направи проценка што ќе биде составен дел од Планот за спречување на корупција на Министерството за транспорт и врски, а Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Законот за укажувачи, како и Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025.

### 2.2.1. Анкета во однос на услугите кои ги овозможува Министерството

До членовите на работната група од страна на нејзиниот координатор беше доставен Прашалник за собирање на податоци за услугите на Министерството за транспорт и врски. Прашалникот се однесуваше на следните услуги, кои претходно беа мапирани во Министерството (дадени по сектори/органи):

- Сектор за патен сообраќај и инфраструктура:

1. Лиценца и извод од лиценца за вршење на превоз на патници во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај;

2. Дозвола за вршење на линиски превоз на патници во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај;

3. Дозвола за вршење на посебен линиски превоз на патници;

4. Дозвола за наизменичен превоз на патници;

5. Дозвола за вршење на слободен превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај;

6. Овластување за вршење на услуги на автобуски станици;

7. Сертификати за возачи за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај;

8. Лиценца и извод од лиценца за вршење на превоз на стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај;

9. ЕКМТ дозволи;

10. Поединечни транспортни дозволи;

11. Овластување за работилници за тахографи;

12. Овластување за вршење на ЕКМТ прегледи за возилата;

13. Овластување за обучни центри за вршење на обуки за возачи во меѓународниот патен сообраќај и на управители;

14. Сертификати за возачи за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај.

15. Одобренија и прилози на превозници за вршење на превоз на опасни материи;

16. АДР сертификати за возачи за превоз на опасни материи;

17. АДР сертификати за советници за превоз на опасни материи;

18. Решение за утврдување на траен режим на сообраќај;

19. Одобрение за утврдување на времен режим на сообраќај;

- Сектор за станбено-комунални прашања и инфраструктура:

1. Издавање решение за пренос на станарско право од починат носител;

2. Склучување на договори за откуп на општествени станови;

3. Издавање решение за закуп на стан;

- Сектор за документирање и управување со градежното земјиште:

1. Отуѓување на градежно земјиште за потребите на дипломатско-конзуларните претставништва;

2. Давање под долготраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба наменето за изградба на објекти од јавен интерес;

3. Отуѓување на градежно земјиште на сопствениците на објекти или делови од објекти кои го владеат земјиштето врз основа на закуп;

4. Отуѓување на градежно земјиште на сопствениците на објекти или делови од објекти за кои е донесено решение за легализација;

5. Отуѓување на градежно земјиште за оформување на градежна парцела;

6. Признавање на право на сопственост врз основа на договор со поранешен сопственик;

7. Отуѓување на градежно земјиште на сопствениците на објекти или делови под објекти изградени со градежно-техничка документација;

8. Отуѓување на градежно земјиште за потребите на верските заедници;

9. Издавање на Одобрение за градење;

10. Издавање на Одобрение за употреба.

- Сектор за нормативно-правни работи:

1. Лиценца за управител на градба;

2. Лиценца за проектирање на градби од прва категорија;

3. Лиценца за проектирање на градби од втора категорија;

4. Лиценца за ревизија на проектна документација за градби од прва категорија;

5. Лиценца за ревизија на проектна документација за градби од втора категорија;

6. Лиценца за изведувач на градби од прва категорија;

7. Лиценца за изведувач на градби од втора категорија;

8. Лиценца за надзор над изградбата на градби од прва категорија;

9. Лиценца за надзор над изградбата на градби од втора категорија;

10. Лиценца за управител на одржување на градежни објекти;

11. Лиценца за изработка на урбанистички планови;

12. Лиценца за ревизија на урбанистички планови;

13. Лиценца за процена од обласста на транспортни средства;

14. Лиценца за процена од обласста на недвижен имот;

15. Потврда за странско правно лице од обласста на градење;

16. Дозвола за управување со гробишта;

17. Дозвола за вршење на погребални услуги;

18. Дозвола за одржување на јавна чистота;

- Капетанија на пристаништата:

1. Впишување пловен објект во регистар на бродови;

2. Впишување пловен објект во регистар на чамци;

3. Бришење на пловни објекти од соодветен регистар;

4. Впишување промена на податоци на пловен објект во соодветен регистар (сопственос, технички карактеристики на пловенобјект, механички двигател);

5. Утврдување способност за пловидба на чамец со вршење основен, редовен и вонреден преглед;

6. Издавање одобренија за пристанување на странски пловен објект во внатрешните води;

7. Организирање полагање испит за стекнување звање член на екипаж на брод;

8. Организирање полагање испит за стекнување звање управувач на чамец;

9. Издавање одобренија за организирање спортски и други приредби на внатрешните води.

Прашалникот кој се однесуваше на услугите кои Министерството за транспорт и врски ги овозможува на физичките и правните лица се состоеше од следните прашања:

- Дали услугата е достапна по електроски пат?
- Дали има јасно упатство за начинот на аплицирање и сите потребни документи?
- Кој е вклучен во постапката?
- Колку време трае постапката?
- Дали странките можат да плаќат со електронско банкарство или со картичка?
- Според ваша проценка, колкав е ризикот од појава на корупција при давање на услугите? (Низок,умерен или висок).

### 2.2.2. Анкета во однос на процесите во Министерството

Во однос на внатрешните процеси на Министерството за транспорт и врски, како што се вработувањата, јавните набавки и финансиите, беа составени персонализирани прашалници со следните прашања:

*1.* За процесот на с*проведување на постапките за јавни набавки:*

- Дали се изработува годишен план за јавни набавки?
- Доколку одговорот на претходното прашање е „да“, на кој начин се прибираат податоците и информациите за потребните средства за реализацијата на јавните набавки на годишно ниво?

- Доколку одговорот на првото прашање е „да“, дали постои координација со Секторот за финансиски прашања во делот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки?

- Колку време трае постапката за спроведување на јавна набавка (во просек)?

- Каде се објавуваат огласите за јавни набавки?

- На кој начин се врши исплатата (електронски, преку банкарски трансфер...)?

- Дали исплатата се врши по склучување на договор или по завршувањето работите кои се предмет на јавната набавка?

- Според ваша проценка, колкав е ризикот од појава на корупција при овој процес? (Низок, умерен или висок.)

*2.* За процесот на *изработка на годишен буџет:*

- Дали се изработува годишен план за јавни набавки?

- Доколку одговорот на претходното прашање е „да“, на кој начин се прибираат податоците и информациите за потребните средства за реализацијата на јавните набавки на годишно ниво?

- Доколку одговорот на првото прашање е „да“, дали постои координација со Секторот за финансиски прашања во делот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки?

- Колку време трае постапката за спроведување на јавна набавка (во просек)?

- Каде се објавуваат огласите за јавни набавки?

- На кој начин се врши исплатата (електронски, преку банкарски трансфер...)?

- Дали исплатата се врши по склучување на договор или по завршувањето работите кои се предмет на јавната набавка?

- Според ваша проценка, колкав е ризикот од појава на корупција при овој процес? (Низок, умерен или висок.)

*3.* За процесот на *вработувања во Министерството за транспорт и врски:*

- Дали постои процедура, односно работно упатство за изработка на Годишен план за вработување?

- Дали се изготвува Годишен план за вработување?

- Доколку одговорот на претходното прашање е „да“, колку време трае постапката за изработка на годишниот план и во кој период од годината вообичаено се прави?

- Доколку одговорот на второто прашање е „да“, кој е вклучен во процесот на изработка на годишниот план?

- Доколку одговорот на второто прашање е „да“, дали при изготвување на годишниот план се консултира Стратешкиот план на Министерството?

- Доколку одговорот на второто прашање е „да“, колку често се случува да има измени на годишниот план за вработување во текот на годината (често, ретко, нема измени)?

- Како и каде се објавуваат огласите за вработување во Министерството за транспорт и врски?

- Кој одлучува при изборот на нови вработени во Министерството за транспорт и врски (на кој начин се одбираат најдобрите кандидати)?

- Според ваша проценка, колкав е ризикот од појава на корупција при овој процес? (Низок, умерен или висок.)

*4.* За процесот на *унапредување на вработени во Министерството за транспорт и врски:*

- Дали постои процедура, односно работно упатство за изработка на Годишен план за унапредување на вработените во Министерството за транспорт и врски?

- Дали се изготвува Годишен план за унапредување на вработените во Министерството за транспорт и врски?

- Доколку одговорот на претходното прашање е „да“, колку време трае постапката за изработка на годишниот план и во кој период од годината вообичаено се прави?

- Доколку одговорот на второто прашање е „да“, кој е вклучен во процесот на изработка на годишниот план?

- Доколку одговорот на второто прашање е „да“, дали при изготвување на годишниот план се консултира Стратешкиот план на Министерството?

- Доколку одговорот на второто прашање е „да“, колку често се случува да има измени на годишниот план за вработување во текот на годината (често, ретко, нема измени)?

- Како и каде се објавуваат огласите за унапредување на вработени во Министерството за транспорт и врски?

- Кој одлучува при изборот на нови унапредувања на вработени во Министерството за транспорт и врски (на кој начин се одбираат најдобрите кандидати)?

- Според ваша проценка, колкав е ризикот од појава на корупција при овој процес? (Низок,умерен или висок.)

## 2.3. Анализа и проценка

### 2.3.1. Услуги

Министерството за транспорт и врски, согласно своите законски надлежности, овозможува повеќе услуги кои се однесуваат на остварувањето на законски права на физички и правни лица.

За потребите на овој план, беа мапирани услугите кои што ги овозможува Министерството, и истите се прикажани во поглавјето 2.2.1.

Во делот на услугите кои се овозможени преку Секторот за станбено-комунални прашања и инфраструктура, а се однесува издавање решение за пренос на станарско право од починат носител, склучување договори за откуп на општествени станови и издавање решенија за закуп на стан, детектирано е дека услугите не се достапни по електронски пат, а во постапката за обработка на предмети кои се однесуваат на овие услуги, се вклучени вработените во Одделението за станбени прашања. Во однос на времетраењето на целата постапка за овозможување на услугите, доколку се земе предвид дека е обезбедена целокупната документација при аплицирањето, постапката за обработка на предметот не трае повеќе од 7 денови, но во самата постапка се вклучени и други државни институции. За заинтересираните апликанти за некоја од овие услуги постои јасно упатство за налинот на аплицирање и сите потребни документи, кое е достапно преку интернет-страницата на Министерството за транспорт и врски, како и преку писарницата на Министерството, односно самиот Сектор за станбено-комунални прашања и инфраструктура. За овие услуги не е овозможено плаќање на соодветните такси преку пос-терминал на самото место, но се признаваат уплати извршени преку електронско банкарство. Ризикот од појава на корупција при давање на услугите е проценет како низок.

Во делот на издавање на лиценците, односно дозволите и потврдите кои произлегуваат од Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за процена, Законот за гробишта и погребални услуги, како и Законот за јавна чистота, може да се утврди дека аплицирањето за овие услуги не е достапно по електронски пат, а постапката трае еден месец по поднесеното барање и во истата се вклучени вработени во Одделението за издавање на лиценци. Изготвено е упатство во кое е наведена потребната документација за аплицирање и истото е достапно преку интернет-страницата на Министерството за транспорт и врски, како и преку писарницата на Министерството, односно самиот Сектор за нормативно-правни работи. Странките не можат да плаќаат преку пос-терминал со платежна картичка, ниту пак преку електронско банкарство. Ризикот од појава на корупција при давање на услугите е проценет како низок.

Во однос на услугите кои се овозможени преку Секторот за патен сообраќај и инфраструктура повеќето од услугите не се достапни по електронски пат, односно само во одреден број на услуги како што се: ЕКМТ годишни и месечни дозволи, поединечни меѓународни транспортни дозволи и решение за утврдување на траен режим на сообраќај, граѓаните можат да се услужат по пат на електронска форма, а во постапката за обработка на предмети кои се однесуваат на овие услуги, се вклучени вработените во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура,Комисија формирана од министерот за транспорт и врски од редот на вработените во министерството, министер и одговорен службеник од сектор за општи работи. Во однос на времетраењето на целата постапка за овозможување на услугите, доколку поднесеното барање е комплетно постапката за обработка на предметот трае од 7 до 30 работни денови, додека во делот на услугите за ЕКМТ годишни и месечни дозволи за превоз на стоки постапката може трае и до 90 денови. За начинот на аплицирање и потребната документација заинтересираните странки можат да дојдат до информации преку официјална веб страница на Министерството за транспорт и врски, правилници и закони објавени во службен весник на РСМ. Странките може да плаќаат електронски и копија од уплатата заверена со печат

од банката да достават во предметот, но не и со платежна картичка бидејќи министерството нема склучено договор со ниедна банка.

Ризикот од појава на корупција при давање на сите наведени услуги во најголема мера е проценет со умерен или висок ризик за појава на корупција најчесто од причина што системот за издавање на соодветните акти целосно не го исклучува човечкиот фактор, додека останите услуги се проценети со низок ризик од појава на корупција.

Во однос на услугите кои се овозможени преку Секторот за документирање и управување со градежното земјиште, услугите се достапни по електронски пат и за овозможување на истиот постои посебен софтвер кој го користат единиците на локалната самоуправа кои се и вклучени во самите постапки за овозможување на овие услуги. За истите е изготвено јасно упатство за начинот на аплицирање и сите потребни документи, а времетраењето е во зависност од видот на постапката. За услугите можат да аплицираат физички и правни лица кои поседуваат дигитален сертификат за електронски потпис. Странките не можат да плаќаат со платежна картичка, ниту преку електронско банкарство. Ризикот од појава на корупција при давање на услугите е проценет како низок.

Во однос на услугите кои се овозможени преку Капетанијата на пристаништата, која е со седиште во Охрид, услугите не се достапни по електронски пат, а за сите има јасно упатство за начинот на аплицирање и сите потребни документи и овозможено е плаќање со електронско банкарство или со платежна картичка. Во процесот на одлучување по пристигнатите барања за сите услуги се вклучени вработените во Капетанијата на пристаништа, а за услугата „Организирање полагање испит за стекнување звање Управувач на чамец“, во постапката се вклучени и членови на Комисијата за полагање испит за стекнување звање Управувач на чамец и нивни заменици. Времетраењето на постапката е различно, во зависност од услугите и во просек трае 8 денови од доставувањето на барањето и потребната документација, односно од денот на положениот испит; за услугата „Издавање на одобренија за пристанување на странски пловен објект во внатрешните води“, истата се извршува веднаш по уредно доставената

потребна документација, а за услугата „Впишување на пловен објект во регистар на бродови“, постапката трае 15 денови од денот на доставувањето на барањето до донесување на рашението за прв упис на брод.

Ризикот од појава на корупција при давање на сите наведени услуги е проценет како низок, освен за услугата „Утврдување способност за пловидба на чамец со вршење основен, редновен и вонреден преглед“, каде ризикот од појавата на корупција при давање на истата е проценет како умерен.

### 2.3.2. Процеси

Во рамките на функционирањето на Министерството за транспорт и врски, за потребите на овој план, беа мапирани процесите кои се одвиваат и истите се прикажани во поглавјето 2.2.2.

Кога станува збор за процесите кои се однесуваат на јавните набавки во Министерството за транспорт и врски, може да се истакне дека се изготвува годишен план за јавни набавки, кој се изработува согласно Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки, донесен од страна на министерот за финансии, а согласно член 75 од Законот за јавните набавки и Процедурата за спроведување на јавните набавки во Министерството за транспорт и врски, бр. 18-4697/1 од 03.07.2020 година.

Податоците и информациите за потребните средства за реализацијата на јавните набавки на годишно ниво се прибираат согласно барања од секторите и одобрениот буџет за тековната година. Согласно Процедурата за спроведување на јавните набавки во Министерството за транспорт и врски, раководителот на одделението за јавни набавки и раководителот, односно помошник-раководителот на Секторот за општи работи по добивање на предлозите од страна на раководителите на сите организациските облици

во рок од 2 дена организираат состанок со Раководителот на Секторот за финансиски прашања за усогласеност на предлог планот со Буџетот на Министерството за транспорт и врски. По одржаниот состанок, се подготвува Годишен план за јавни набавки на Министерството за транспорт и врски и истиот се доставува на проверка до раководителот на Одделението за јавни набавки и до раководителот на Секторот за финансиски прашања. Раководителот на секторот за финансиски прашања врши проверка на внесените податоци и пресметката и усогласеноста на јавните набавки и одобрените средства на Министерството за транспорт и врски во рок од 1 ден и истиот го доставува на одобрување до Раководител/Помошник раководител на сектор за општи работи.

Времетраењето на постапката е согласно постапката која се спроведува за предметната јавна набавка, утврдени во Законот за јавните набавки (член 48-58) во кои стриктно се наведени роковите за примена на постапките за јавните набавки.

Согласно член 41 од Законот за јавните набавки, огласите се објавуваат во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН). Огласот за јавна набавка кај поедноставената отворена постапка, отворената постапка, ограничената постапка, конкурентната постапка со преговарање, постапката со преговарање со објавување оглас, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации се објавуваат и во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Огласот за јавна набавка и огласот за конкурс за избор на идејно решение се објавува и во Службеното гласило на Европската унија, доколку проценетата вредност без вклучен ДДВ е еднаква или повисока од:

а) во класичниот јавен сектор:

- 130.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги и за конкурси за избор на идејно решение,

- 5.000.000 евра во денарска противвредност за работи,

- 750.000 евра во денарска противвредност за посебни услуги

Согласно заклучок од Седница на Владата на РСМ заради зголемување на транспарентноста при спроведување на јавните набавки, огласите се објавуваат и на интернет-страницата на Министерството за транспорт и врски.

Исплатата се врши по доставена фактура за извршени работи, услуги или испорака на стока и истата се врши преку Секторот за финансиски прашања во Министерството за транспорт и врски и Секторот трезор во Министерството за финансии. Исплатата се врши по завршување на работите, односно услугите на кои се однесува или по испорачување на стоката кои се предмет на јавната набавка, а согласно склучениот договор за предметната јавна набавка.

Согласно Процедурата за спроведување на јавните набавки во Министерството за транспорт и врски, бр. 18-4697/1 од 03.07.2020 година кои се усогласени со законските решенија, ризикот од појава на корупција во постапките за јавните набавки е низок.

Во однос на процесите за кои е одговорен Секторот за финансиски прашања, за планирање и подготовка на годишниот буџет постои Процедура за изработка на предлог буџетска пресметка бр. 02-9797/1 од 22.11.2019 година. Податоците и информациите за потребните средства за реализацијата на проектите, односно активностите на Министерството за транспорт и врски се прибираат на следниот начин:

- Согласно Законот за Буџетите, Министерството за транспорт и врски добива инструкции од страна на Министерство за финансии во форма на Буџетскиот циркулар најдоцна до 15. јуни тековната година.
- По проучување на добиениот циркулар Секторот за финансиски прашања доставува барање за предлози до секторите во Министерството за транспорт и врски за подготовка на Предлог буџетска пресметка;
- По потреба се одржува состанок на тема „Предлог буџетска пресметка на Министерството за транспорт и врски “ кој го органзира министерот заедно со раководителите на организационите единици.
- Секторот за финансиски прашања добива предлози за подготовка на Предлог буџетската пресметка на Министерството за транспорт и врски од страна на раководителите на организационите единици во Министерството за транспорт и врски, кои подоцна ги систематизира и анализира, ги распределува истите по

сектори, програми, потпрограми и ставки, утврдува дали истите се во согласност со дадените насоки и подготовува извештај и мислење за добиените предлози до министерот;

- По потреба се органзира состанок со раководството на Министерството за транспорт и врски за дефинирање на конечната Предлог буџетска;
- Истовремено, добиените предлози се усогласуваат со одделението за стратешко планирање, кое во меѓувреме го подготвува нацрт – стратешкиот план на Министерството за транспорт и врски за наредните три години;
- По извршените усогласувања, се пополнува електронска верзија на буџетскиот циркулар, чија печатена верзија заедно со текстуално образложение и стратешкиот план се доставува до Министерство за финансии најдоцна до 1. септември во тековната година.

Во однос на времетраењето на постапката за изработка на предлог-буџетот, согласно Законот за Буџетите, Министерството за транспорт и врски добива инструкции од страна на Министерство за финансии во форма на Буџетскиот циркулар најдоцна до 15 јуни тековната година, а предлогот на буџетските барања се доставуваат до Министерство за финансии најдоцна до 1 септември тековната година.

Во процесот на изработка на предлог-буџетот се вклучени:

*Министерство за финансии:* Министерството за транспорт и врски добива инструкции од страна на Министерство за финансии во форма на Буџетскиот циркулар најдоцна до 15 јуни тековната година;

*Сектор за финансиски прашања:* По проучување на добиениот циркулар Секторот за финансиски прашања доставува барање за предлози до организационите единици во Министерството за транспорт и врски за подготовка на Предлог буџетска пресметка, а по добивање на предлозите од организационите единици ги систематизира и анализира, ги распределува истите по сектори, програми, потпрограми и ставки, утврдува дали истите се во согласност со дадените насоки и подготовува извештај и мислење за добиените предлози до министерот;

*Раководство на Министерството за транспорт и врски:* По потреба се одржуваат состаноци за усогласување и дефинирање на конечната предлог буџетска пресметка со сите организациони единици и одделението за стратешко планирање;

*Организациони единици на Министерството за транспорт и врски:* Секторот за финансиски прашања добива предлози за подготовка на Предлог буџетската пресметка на Министерството за транспорт и врски од страна на раководителите на организационите единици, кои се задолжени за спроведување на политики и проекти на Министерството.

*Одделение за стратешко планирање:* Врз основа на барањата на раководителите на организационите единици Одделението за стратешко планирање го подготвува стратешкиот план, кој треба да е усогласен со предлог буџетското барање на Министерството за транспорт и врски и се доставува во Министерство за финансии заедно со предлог-буџетското барање на Министерството за транспорт и врски.

Пред да се достави предлог-буџетското барање, истото се усогласува со нацрт-стратешкиот план на Министерството за транспорт и врски и усогласени се доставуваат до Министерството за финансии.

Ризикот од појава на корупција при процесот на изработка на годишен буџет во Министерството за транспорт и врски е проценет како низок.

Во делот кој се однесува на вработувањата во Министерството за транспорт и врски, целата постапка е уредена со закон, имено вработувањата во институциите на јавниот сектор се вршат врз основа на Годишни планови за вработување, кои функционерите кои раководат со институциите ги подготвуваат врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Во однос на временската рамка, согласно Законот за вработените во јавниот сектор, функционерот кој раководи со институцијата е должен најдоцна до 1 септември во тековната година да изготви предлог план кој заедно со предлог на буџетското барање го

доставува на согласност до надлежните институции за давање согласност на годишните планови за вработување (Министерство за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, како и Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците).

Во процесот на изработка на годишниот план, техничкиот дел го подготвува Одделението за управување со човечки ресурси по добиени насоки од раководството, кое пак претходно се консултира со раководителите на сите организациони облици во Министерството со цел правилно утврдување на реалната и фактичката потреба од предвидување на работни места со цел кадровска доекипираност за ефикасно, ефективно и непречено извршување на работите и работните задачи. При изготвување на годишниот план се разгледува и нацрт-стратешкиот план на Министерството, како и сите други документи кои се од значење и придонесуваат кон подготовка на подобар и правичен план за вработување.

Во однос на пристапноста до огласите за вработување во Министерството за транспорт и врски, согласно Законот за административни службеници, јавниот оглас за вработување се објавува на интернет страница на Агенцијата за администрација, како и во најмалку три дневни весници, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Целата постапка за вработување на административните службенци се спроведува преку Агенцијата за администрација која формира Комисија за селекција за вработување по јавен оглас чиј претседател е административен службеник кој е вработен во Агенцијата за администрација, а членови на комисијата се раководителот на организационата единица во кои работните места се пополнуваат, претставник од Одделението за управување со човечки ресурси и член од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците. Комисијата изготвува единствена ранг-листа на која се рангираат кандидатите за тоа работно место и ги избира најдобро рангираните од таа листа, без оглед на припадноста на заедница, и во рок од три дена и ги предлага на институцијата.

Раководното лице на институцијата,  во рок од пет дена по добивањето на предлогот од Комисијата е должен да донесе одлука за избор.

Ризикот од појава на корупција при процесот на изработка на годишен план за вработување во Министерството за транспорт и врски е проценет како низок.

Во однос на унапредување на вработените во Министерството за транспорт и врски, постапката е уредена со закон. Имено, унапредувањата во институциите на јавниот сектор се вршат врз основа на Годишни планови за вработување, кои функционерите кои раководат со институциите ги подготвуваат врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

За оваа цел се изготвува годишен план, а согласно Законот за вработените во јавниот сектор, функционерот кој раководи со институцијата е должен најдоцна до 1 септември во тековната година да изготви предлог план кој заедно со предлог на буџетското барање го доставува на согласност до надлежните институции за давање согласност на годишните планови за вработување. Во процесот на изработка на годишниот план, техничкиот дел го подготвува Одделението за управување со човечки ресурси по добиени насоки од раководството, кое пак претходно се консултира со раководителите на сите организациони облици во Министерството со цел правилно утврдување на реалната и фактичката потреба за унапредување на административните службеници со цел ефикасно, ефективно и непречено извршување на работите и работните задачи.  При изготвување на годишниот план се разгледува и Стратешкиот план на Министерството, како и сите други документи кои се од значење и придонесуваат подготовка на подобар и правичен план за вработување, односно за унапредувње на административните службеници?

Согласно Законот за административните службеници, интерниот оглас заедно со образецот за пријава за унапредување се објавуваат на веб страниците на Министерството за транспорт и врски и на Агенцијата за администрација.

Согласно Законот за административни службеници раководното лице на институцијата формира Комисија за селекција на унапредување чиј претседател е раководител на организационата единица во која се пополнува работното место преку постапка за унапредување, а членови на Комисијата се раководителот на организационата единица за управување со човечки ресурси и член од Агенцијата за администрација. Целата постапка се одвива во две фази и тоа селекција и интервју. Врз основа на бодовите од административна селекција и интервјуто, Комисијата составива финална ранг - листа и му го предлага прворангираниот кандидат на раководното лице на институцијата. Во рок од 3 дена од добивањето на предлогот раководното лице на институцијата е должно да донесе одлука за избор. Раководното лице на институцијата во рок од 5 дена по конечноста на одлуката донесува решение за унапредување на административниот службеник

Ризикот од појава на корупција при овој процес е проценет како низок.

Дополнително на овие наоди, во делот на компетенциите на вработените, пожелно е да се истакне дека согласно претходно спроведена анонимна анкета на на која одговориле вкупно 94 вработени во Министерството за транспорт и врски, за потребите на изработка на функционална анализа, во врска со процесот на обучување, на прашањето „Дали имате посетено доволно обуки за да ги извршувате ефикасно и ефективно вашите работни задачи. 81 испитаник (88%) одговориле со „не“, додека 11 испитаници (12%) одговориле со „да“. Од оние кои одговориле негативно на ова прашање, како причини за непосетувањето на доволно обуки 40.7% навеле дека „немало понуда за соодветна обука“, 37% одговориле дека „немало доволно обуки“, а 14.8% одговориле дека „не било одобрено учеството“. Мал процент испитаници навеле различни причини, односно по еден испитаник навел дека: „ Постојано се пријавуваме за конкретни обуки за кои сметаме дека ни се потребни за извршување на работните задачи, сепак истите не се реализират воопшто; во наредниот период имаме договорено обуки; немало предлог од раководителот а има голем интерес кај нас; недостаток од предлог од

претпоставениот; обуките не се реализираат од страна на Министерство за информатичко општество“.

## 3. Мерки и активности

Од извршената анализа на услугите кои ги овозможува Министерството за транспорт и врски, како и процесите кои се одвиваат во истото, произлегуваат повеќе мерки и активности кои имаат за цел подобрување на ефективноста, зголемување на транспарентноста во работењето на Министерството, намалување на ризикот од појава на корупција и нејзино спречување.

Предвидени се следните мерки и активности:

- Изготвување на јасни, визуелно прегледни упатства за аплицирање за секоја услуга која ја овозможува Министерството за транспорт и врски на физичките и правни лица, кои ќе бидат достапни на македонски, англиски и албански јазик на интернет-страницата на Министерството во посебно, видливо обележан дел (банер) на насловната страница. Самите упатства треба да содржат визуелизација на процесот за добивање на услугата од начинот на аплицирање, до издавање на завршниот акт, со листа на сите потребни документи за аплицирање и институциите кои ги издаваат тие документи;

- Отворање на посебна адреса за електронска пошта за поплаки, измами, злоупотреби или корупција, која ќе биде објавена на интернет-страницата на Министерството за транспорт и врски во посебно, видливо обележан дел (банер) на насловната страница, но ќе биде впишана и на сите меморандуми кои се употребуваат за излезни документи од Министерството;

- Поставување на поштенско сандаче за поплаки и критики на влезот на Министерството за транспорт и врски (во близина на писарницата), како и во близина на шалтерите на Секторот за патен сообраќај и инфраструктура, покрај кое ќе бидат поставени анкетни листови за пополнување (образецот на анкетните листови е приложен како прилог бр. 1 на овој план);

- Разгледување на можностите за воведување на електронски услуги, за кои аплицирањето ќе може да се врши преку интернет, за оние услуги за кои оваа опција не е достапна и креирање на акциски план за операционализација, односно спроведување на потребните постапки за воспоставување или набавка на потребниот софтвер, обука на вработените за користење и пуштање во употреба на истиот;

- Разгледување на можностите за воведување на плаќање на соодветните такси за услугите преку пос-терминал, односно со платежна картичка и признавање на уплатите кои се вршат за услугите преку системите за електронско банкарство;

- Изготвување на процедури и работни упатства за процесите кои се одвиваат во Министерството за транспорт и врски, согласно стандардот ИСО 9001:2015, со цел сертифицирање на Министерството со истиот. Ова подразбира и воспоставување на сите процеси во Министерството со точно утврдување на секој чекор, времетраење на секоја активност и задолжено лице за извршување на активноста;

- Спроведување на обуки, односно тренинг-курсеви за вработените во Министерството за транспорт и врски со цел ажурирање на нивните

знаења и вештини во контекст на тековните законските измени, новите процедури и начини на функционирање на државната администрација, како и нивно запознавање со Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија, како и Планот за борба против корупција „Акција 21“.

## 4. Мониторинг и евалуација

Евалуација и проценка на напредокот во реализацијата на Планот за спречување на корупцијата се врши врз база на годишен извештај кој содржи пресек на реализираните мерки и активности и проекти во однос на утврдените ризици кои произлегуваат од анализата остварена во планот. Во изготвувањето на овој извештај учествуваат членовите на работната група и се земаат предвид сите одговорени анкетни листови од страна на странките на Министерството за транспорт и врски, а прибраните податоци во форма на збирен извештај се разгледуваат на колегиум на Министерството.